Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ Су.бр. 2 / 21
08.01. 2021 година
Кратово

( Образец ПП……)

**До: Основен суд Кратово**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] **извршна директорка.**

(

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Број на поведени постапки за дискриминација врз основа на пол и род во работни односи во 2020 година, во кои тужителите се жени?
2. Број на пресуди во кои се утврдува дискриминација врз основа на пол и род во работни односи во 2020 година, во кои тужителите се жени?
3. Број на пресуди во кои не се утврдува дискриминација врз основа на пол и род во работни односи во 2020 година, во кои тужителите се жени?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Барател**

**08.01.2021 година**

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.2/21-1
08.01.2021 година
К р а т о в о

До
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување информации од јавен карактер

Во Основен суд Кратово е примено Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер по електронска пошта на ден 08.01.2021 година.

Во врска со Вашето барање, согласно чл.20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во законски предвидениот рок се постапи по истото и по извршената проверка Ви ги доставуваме следните информации:

1. Во Основен суд Кратово во 2020 година нема поведено постапка за дискриминација врз основа на пол и род во работни односи, во кои тужители се жени.
2. Во Основен суд Кратово во 2020 година нема донесено пресуда во која се утврдува дискриминација врз основа на пол и род во работни односи, во кои тужители се жени.
3. Во Основен суд Кратово во 2020 година нема донесено пресуда во која не се утврдува дискриминација врз основа на пол и род во работни односи, во кои тужители се жени.

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер,
Диме Петрушевски

Претседател на судот,
Судија,
Мирослав Георгиевски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово